Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 103, 3 јуни 2013 година

јуни 2013 година
Штип

**С О Д Р Ж И Н А**


**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научните области германистика и граматика, семантика, семиотика, синтакса на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 3

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област книжевност за деца на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 17

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната уметничка област вокално пеење на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 30

**РЕФЕРАТ** за избор на еден соработник асистент во научна област методика на Факултетот за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 34

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за научната област психологија на образование и воспитување на Факултетот за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 47

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент(специјалист) за научната област ортопедски болести на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 54

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно- научната област геотектоника и регионална геологија на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 60

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за учебно помагало „Практикум по педагогија на слободно време“ за студентите од прв циклус студии од д-р Деспина Сивевска, Факултет за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 66

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за учебно помагало/скрипта „Педагогија на слободно време“ за студентите од прв циклус студии од д-р Деспина Сивевска, Факултет за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 70

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за учебникот „Развојна психологија“ од проф. д-р Ленче Милошева, Факултет за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 74

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за трудот „Феноменот на финансиски кризи и импликациите врз светската економија“ од проф. д-р Ристо Фотов, м-р Влатко Пачешкоски, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 77



Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

## Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА УМЕТНИЧКА ОБЛАСТ ВОКАЛНО ПЕЕЊЕ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП

Наставно-научниот совет на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, на седницата одржана на 12.02,2013 година, донесе Одлука број 1902-41/3 за распишување на Конкурс за избор на наставник во сите звање за наставно-научната уметничка област *вокално пеење* на Факултетот за музичка уметност. На 15.5.2013 година, Наставно-научниот совет донесе Одлука број 1902-57/3 за формирање на Рецензентска комисија за избор на наставник во сите звања за наставно-научната уметничка област *вокално пеење* на Факултетот за музичка уметност, во следниов состав:

- проф. Бисерка Цвејиќ, редовен професор во пензија од наставно- научната уметничка област вокално пеење, професор емеритус на Факултетот за музичка уметност во Белград - претседател;
- проф. Милка Ефтимова, редовен професор во пензија од наставно- научната уметничка област вокално пеење - член;
- проф. Јасмина Чакар, редовен професор во пензија од наставно-научната уметничка област пијано - член.

По разгледувањето на поднесената документација, Рецензентската комисија го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На распишаниот Конкурс на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев", објавен во дневните весници „Дневник" и „Лајм" на 30.4.2013 година, за избор на наставник во сите звање за наставно-научната уметничка област вокално пеење на Факултетот за музичка уметност, се пријави само еден кандидат, и тоа: проф. м-р Борис Трајанов.

Критериумите за избор на наставник во сите звања наведени во Конкурсот беа следниве: кандидатот треба да има завршено високо образование од втор степен, како и да ги исполнува останатите услови наведени во членот 127 од Законот за високото образование и Правилникот за единствените критериуми и постапка за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

Потребните документи за кандидатура за избор, наведени според Конкурсот, беа следниве:

- пријава;
- диплома за завршено соодветно образование, одбранет магистерски труд;
- кратка биографија;
- потврда дека се служи со еден од светските јазици;
- список на објавени научни и стручни трудови;
- уверение за државјанство;

***Преглед на приложени документи на пријавениот кандидат:***
***Кандидат: проф. м-р Борис Трајанов***

- Пријава: има;
- Диплома за завршено соодветно образование, одбранет магистерски труд: **има;**
- Потврда за странски јазик: **има** потврди за германски, италијански и англиски јазик;
- Кратка биографија: **има;**
- Список на трудови/концерти (член 127 од законот): **има;**
- Уверение за државјанство: **има.**

*Биографски податоци*

**Борис Трајанов** е роден на 4 ноември 1959 година во Љубљана, Република Словенија. Покрај педагошката дејност на ФМУ во Штип, ангажиран е како постојан гостин во Македонската опера и балет во Скопје.

*Наставно-образовна дејност*

Од септември 2008 година е во редовен работен однос како вонреден професор по соло пеење на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип. Тој ја формираше Катедрата по соло пеење на Факултетот за музичка уметност.

За овој период веќе има еден дипломиран студент кој е солист во операта при ФМУ и двајца апсолвенти. Неговите студенти редовно настапуваат на концертите на ФМУ во Штип. Исто така, тројца негови студенти со две нумери го отворија овогодишниот Саем на образование во Скопје.

Од особено значење за едукацијата на студентите е пренесувањето на неговото неисцрпно искуство и знаење од областа на оперското пеење, кое проф. Борис Трајанов го стекнал ширум светските оперски сцени, соработувајќи со големи диригенти, режисери, оперски пејачи, пеејќи на четири светски јазици (италијански, германски, француски и руски). Покрај српско-хрватскиот, говори течно и три светски јазици: германски (положен 8 степен), италијански (положен 7 степен) и англиски (положен 6 степен).

Во ноември 2012 година беше член на жирито на 10. Меѓународниот натпревар „Лазар Јовановиќ" во Белград, Србија.

*Уметничка кариера*

Проучувајќи ги фактите од неговата биографија и документацијата поврзана со неговата уметничка дејност, можеме да констатираме дека има над 900 настапи на околу стотина оперски и концерни подиуми во светот во 41 главна баритонска улога:

Во Република Македонија има над 148 настапи (49 оперски претстави и над 89 концерти) од кои:

- во МОБ има 64 настапи од кои 49 се оперски претстави и 15 гала концерти со македонската опера и балет;
- 14 концерти со Македонска филхармонија;
- турнеја низ 19 градови на Македонија (2009 г.) во соработка со Министерството за култура на РМ (19 концерти со исто толку едукативни часови за оперската уметност);
- Охридско лето: во Св. Софија (1988, 2001, 2006) и во Античкиот амфитеатар во 2008 г.

Во странство, без посредување на државни институции, Борис Трајанов има остварено над 740 настапи (637 оперски претстави и над 100 концерти) од кои:

- над 600 настапи (566 оперски претстави и над 35 концерти) се *реализирани* на сцените во Западна Европа, Русија, САД, Израел, Бразил, Јужна Кореја и Јужна Африка во земји, како Италија (90 оперски претстави), Германија (337 оперски претстави), Австрија (59 оперски претстави), во огромен број на театри и концертни сали, како Рим, Берлин, Хамбург, Франкфурт, Њујорк, Виена, Москва, Сеул, Монте Карло итн., околу стотина наведени во неговата биографија;
- над 117 настапи во поранешна Југославија (без РМ): најмалку 46 концерти (во концертните сали „Ватрослав Лисински" во Загреб, „Цанкарјев дом" **во** Љубљана, „Коларчев универзитет" во Белград, „Студио М" во Нови Сад и други) и 71 оперски претстави во Белград, Нови Сад, Љубљана, Марибор, Загреб, Риека, Сплит и Сараево.

Покрај импозантниот број на настапи, театри и реализирани главни улоги, неизбежно е да се спомне и:

- највисокото светско признание за еден уметник, доживотната амбасадорска титула **„Уметник на мирот на УНЕСКО"** во 2004 година;
- **Оперскиот оскар** за 2004 година од австрискиот дневен весник **„Kleine Zeittung"** за улогата Скарпија во Тоска во **Опера Грац.**

***Награди на музички натпревари:***

- Прва награда на **Републичкиот натпревар** за студенти по музика на Република Македонија (21 март 1985 г.);
- Апсолутен победник помеѓу 508 натпреварувачи со специјална награда на **Сојузниот натпревар за студенти по музика на СФРЈ** во Скопје (21 април 1985 г.);
- **Трета награда на** интернационалниот Конкурс за оперски пејачи
- „Франческо Паоло Неља“ - Италија (12 јули 1986 г.);
- Награда на градот Антверпен (во ранг на втора награда и е најдобро пласиран машки глас) на натпреварот на Белгиската телевизија БРТ „Опера ет белканто" во кој се натпреваруваат по двајца оперски пејачи избрани од телевизиските куќи од секоја европска земја (јули 1990 г.);
- Државната награда **„11 Октомври" за животно дело** во 2012 година.

Оттука, сосема е лесно да се заклучи дека проф. Борис Трајанов остварил една *исклучително богата меѓународна кариера,* која е многу ретка не само во уметноста, туку и воопшто во која било друга сфера на општественото живеење во Република Македонија.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Од целокупната наведена активност на кандидатот м-р Борис Трајанов се заклучува дека тој ги исполнува сите предвидени услови за избор во звање редовен професор за наставно-научната уметничка област *вокално пеење* на Факултетот за музичка уметност во Штип, наведени во членот 127 од Законот за високото образование и Правилникот за единствените критериуми за постапка за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

Кандидатот, преку остварените досегашни активности, покажа способности за развивање на наставно-образовната дејност, за организационо- развојните дејности на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, како и за стручно- уметничките активности со неговите достигнувања на полето на уметноста, во и надвор од земјата, надминувајќи ги поставените стандарди за претставување на националното пред светското, низ огромен број остварени настапи ширум светските театри, исклучително во главни баритонски улоги.

Поради претходно наведеното, задоволство ни е како Рецензентска комисија да му предложиме на Наставно-научниот совет да го усвои нашиот предлог и предлог-одлуката да ја достави до Универзитетскиот сенат при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, за да кандидатот вонреден професор м-р Борис Трајанов се избере во звање редовен професор за наставно-научната уметничка област вокално пеење на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. Бисерка Цвејиќ, редовен професор во пензија, претседател, с.р.**
**Проф. Милка Ефтимова, редовен професор во пензија, член с.р**
**Проф. Јасмина Чакар, редовен професор во пензија, член с.р**

| Ред. број | Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности | Поени | |
|---|---|---|---|
| | | во земјава | во странство |
| 6. | Пленарно предавање на научен собир, музички настап на официјален концерт, учество на ликовна изложба -44 настапи во МК (6 оперски претстави и 38 концерти) -32 настапи во странство (25 оперски и 7 концерти) | 44x3=132 | 32x6=192 |
| | | **Вкупно:324** | |
| 21. | Награди - признанија за научни/уметнички постигнувања, сценско-музички награди<br>- Државна награда „11 Октомври" за животно дело | 5 1 | |
| | | **Вкупно:5** | |
| (по точките 6 и 21) **Вкупно: 329** | | | |

**Табела за вреднување на активностите на Борис Трајанов од 2008 до 2013 г.**

| Ред. број | Наставно - образовна дејност | Поени | |
|---|---|---|---|
| | | во земјава | во странство |
| 1. | Позитивно рецензиран универзитетски учебник (издадено ЦД или ДВД)<br>- ЦД „Македонија засекогаш" ТОМАТО и МММ | 1x15=15 | |
| | | **Вкупно: 15** | |
| 4. | Интерна скрипта од предавања (снимки од изведени опери) види ја табелата „Снимки од оперски претстави и концерти" | 9x4=36 | |
| | | **Вкупно: 36** | |
| 14. | Ментор на одбранета дипломска работа на студентот Марјан Николовски | 1 | |
| | | **Вкупно: 1** | |
| 17. | Член па Комисија за одбрана па дипломска работа на студентот Марјан Николовски | 0,2 | / |
| | | **Вкупно:0,2** | |
| 19. | Раководител па студентите Орхидеја Дуковска, Марина Владимирова, Илија Белистојановски и Марјан Николовски во учество па студентските манифестации: Годишен концерт, Промотивни концерт на УГД низ МК и на Денови на образованието на Скопски саем | 2x(3x1)=6 (Орх., Мар. и Илија)<br>4x1=4 Мар. Ник. | |
| | | **Вкупно:10** | |
| 20. | Член на комисијата (жири) натпреварот „Лаза Јовановиќ" во Белград, Србија | | 1x1=1 |
| | | **Вкупно:1** | |
| 25. | Предавања (неделен просечен фонд па часови во двата семестра во изборниот период на прв циклус студии) 16 | **Вкупно:47** | |
| (по точките 1, 4, 14, 17, 19, 20 и 25) **Вкупно: 110,2** | | | |

Вкупно бодови по сите точки: **Вкупно:439,2**